Република Северна Македонија
Министерство за култура

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор
Ип 1 бр. 57-10
Датум: 02.03.2022 година

Идентски знак:_____
Рок на чување:_____год.
_____20____год
Потпис.
_____

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро сметка	
Банка депонент	

Одговорно лице во субјектот на надзорот:

Име и презиме:	Телефон	Е-пошта
претседател на Здружението		

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	24.02.2022 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	13.30
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	28.02.2022 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	14.45
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	/		
Главна дејност на субјектот на надзорот	Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

	94.99)
Адреса на објектот каде се врши надзорот	

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Наредба од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-10 од 04.02.2022 г., а во врска со иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 21-13151/1 од 16.11.2021 година. Надзорот е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец февруари бр. 57-49/2 од 02.02.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ **од 665.000 денари (од вкупно доделените 950.000 денари за хонорари и материјални трошоци)**, согласно со Договорот бр. 21-4673/1 од 11.04.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутно одговорното лице во субјектот на надзорот:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутно лицето овластен сметководител од од Скопје, кој што за потребите на Здружението врши сметководствени услуги како и лицето , координатор на Проектот.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 17-929 од 02.11.2018 г., на годишниот конкурс за финансирање проектот „Слушни, види вклучи се" во 2019 година, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 17-929/2018 од 08.03.2019 г., прифатен е проектот на Здружението.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-4673/1 од 11.04.2019 г., за учество во финансирање на проект „Слушни, види вклучи се" од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2019 година, со кој што се одобрени 950.000 денари, наменети за хонорари и материјални трошоци.

На 22.04.2019 година, одговорното лице во Здружението доставило Барање за исплата на одобрените финансиски средства, заведено во МК под бр. 18-5220/1, со изјава дека наменски ќе ги користи преведените средства согласно предвиденото со оперативниот и финасиски план, а којшто е составен дел од Договорот со МК, согласно со член 2 став (2). Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план е наведено дека проектот ќе биде реализиран во период од јануари до декември 2019 година, а дека одобрените средства за Проектот од вкупен износ од 950.000 денари, ќе бидат потрошени за авторски хонорари по склучени договори и тоа за: проектен и програмски координатор за македонски јазик за 12 месеци во износ од 265.000 денари, проектен и програмски координатор за албански јазик за 12 месеци во износ од 265.000 денари, преведувач за 12 месеци во износ од 120.000 денари, уредник на веб страна (12 месеци х 5.000 денари), во износ од 60.000 денари, дизајн на веб страна-zoom.mk во износ од 40.000 денари, уредник на месечен извештај за 12 месеци во износ од 180.000 денари, како и за печатење на 100 примероци на книгата „Слушни, види вклучи се" во износ од 15.000 денари и за електронско издание на книгата „Слушни, види вклучи се" во износ од 5.000 денари.

- Врз основа на Решение за преведување на средства на заменик-министерот за култура бр. 21-4673/2 од 05.06.2019 г., МК на жиро сметката на Здружението,

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

превело средства од Буџетот на РСМ, во износ од 665.000 денари, како аванс за реализација на проектот.

- На 27.12.2019 година, до надлежниот Сектор во МК, доставен е образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, заведен под број 21-14715/1, како обврска од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, **но без соодветната документација во прилог**, односно, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање како и друга пропратна документација (фото и видео, испечатени публикации, објави на веб страна и социјални мрежи сл.) како доказ дека проектот е реализиран.

- При вонредниот инспекциски надзор, од презентираната сметководствена документација и евиденција, преведените средства биле трошени на следниот начин:

-280.000 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за проектен и програмски координатор на македонски јазик за 12 месеци (Банковни изводи бр. 25 од 21.06.2019 г., бр. 30 од 30.07.2019 г., бр. 33 од 30.08.2019 г., и бр. 64 од 25.12.2019 г.,);

-231.554 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за уредник на месечни извештаи за 12 месеци (Банковни изводи бр. 25 од 21.06.2019 г., бр. 30 од 30.07.2019 г., и бр. 33 од 30.08.2019 г.,);

-176.500 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за проектен и програмски координатор на албански јазик јазик за 12 месеци (Банковни изводи бр. 25 од 21.06.2019 г., бр. 30 од 30.07.2019 г., бр. 33 од 30.08.2019 г., и бр. 44 од 08.11.2019 г.,);

-80.000 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за превод за 12 месеци (Банковни изводи бр. 25 од 21.06.2019 г., бр. 30 од 30.07.2019 г., и бр. 33 од 30.08.2019 г.,);

-40.000 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за уредување на веб страна за 12 месеци (Банковни изводи бр. 26 од 24.06.2019 г., бр. 30 од 30.07.2019 г., и бр. 33 од 30.08.2019 г.,);

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

-40.000 денари во бруто износ се исплатени по авторски договор на лицето [redacted] како хонорар за дизајн на веб страна zoom.mk (Банковни изводи бр. 25 од 21.06.2019 г.,);

Со оглед на горенаведеното, утврдено е дека за авторски хонорари по склучени договори се потрошени вкупно 848.054 денари, а преведени биле средства во износ од 665.000 денари. Разликата во износ од 183.054 денари се обезбедени од сопствени извори на финансирање на Здружението. Горенаведените трошоци се неоправдани со оглед на фактот дека Проектот не е релизиран.

Имено, при инспекцискиот надзор, освен неколку фотографии од одржана промоција на брошура, од страна на присутните лица не беа презентирани докази за реализација на **панел дискусии на повеќе теми „Медиумски тактики-ургентност за културната кохезија", „Културните работници-кохезивно јадро" и „Кохезивни јадра во културата-медиумски тактики за поттикнување соработка помеѓу културните работници" како што е наведено во Пријавата за проект од национален интерес во културата во областа на интердисциплинарна дејност за 2019 година.**

Притоа присутните лица изјавија и дека Проектот е реализиран, но дека неможат да презентираат фотографии и друга фото и видео документација бидејќи на изработената веб страна zoom.mk во рубриката архива со тек на време податоците се бришат, а за нивно зачувување потребни биле доплнителни финансиски средства. Инаку, според изјавата на присутното лице оваа веб страна сега фукционира како портал за политички и дневни вести.

Видно од Пријавата, предвидено било и печатење на книга „Слушни, види, вклучи се" која всушност требало да претставува сублимат на ставовите искажани во панел дискусиите, селекција на културната продукција во рамки на различните етнички заедници со посебен акцент на взаемните соработки, а како додатен дел на книгата која требало да биде испечатена во тираж од 100 примероци, предвидено било да има и одвоен простор за есеи и размислувања на културните дејци во однос на културната кохезија и дисеменација.

При надзорот презентирана е брошурата за која била одржана гореспоменатата промоција, но при увидот во содржината утврдено е дека брошурата не е сублимат на ставови од панел дискусии, туку нешто сосема друго, односно краток осврт на одржани културни настани во државата во 2019 година како „Струшки вечери на поезијата", отворање на 58-то издание на фестивалот „Охридски лето", потоа за

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Фестивалот „Војдан Чернодрински 2019", Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков", „Синедејс", „Мајски оперски вечери", „Македокс", „Звуците на чаршијата", „Скопско лето" и „Д`фестивал", што воопшто не се наведени во Пријавата.

Исто така, при надзорот утврдено е дека не е испочитуван ниту членот 2 од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15) при издавањето на предметната брошура/публикација, во однос на тоа што преставува публикација во смисла на овој Закон и кои се податоци треба да ги содржи.

- Оттука, при надзорот е утврдено дека **Проектот „Слушни, види вклучи се" од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2019 година, не е реализиран, а преведените средства во износ од 665.000 денари се потрошени за хонорари, поради што и трошоците се неоправдани**. Гореневедено не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата, според кој што проектите избрани на годишните конкурси треба да се реалзираат до крајот на тековната година (во случајот, 2019 година), додека, согласно со член 66 став (2) од Законот, ако проектот не биде завршен до крајот на тековната година, носителот на проектот е должен да ги врати на Министерството за култура средствата добиени на конкурсот.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека Здружението не постапило во целост и без да биде реализиран проектот, со оглед дека не е доставена соодветната документација во прилог како и соодветни докази за негова реализација.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, констатирана е следната неправилност во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе биде преземена соодветна мерка:

- Проектот - „Слушни, види вклучи се" од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2019 година, не е реализиран што не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата (според кој проектите избрани на годишните конкурси треба да се реалзираат до крајот на тековната година), односно, односно не е во согласност ниту со член 3 став (1) од

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Договорот со Министерството за култура, бр. 21-4732/1 од 11.04.2019 г., (според кој Здружението имало обврска да го реализира проектот заклучно со 20.11.2019 година, а по исклучок заклучно со 31.12.2019 година).

За утврдените неправилности од аспект на примена на 68 и член 66 став (1) од Законот за културата, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка:
-ќе биде донесено решение со опомена со коешто субјектот на надзорот, односно Здружението ќе биде опоменато во определен рок да ја отстрани утврдената неправилност, односно, да постапи согласно со член 66 став (2) од Законот за културата, согласно со којшто, ако проектот не биде завршен во рокот утврден со Договорт, носителот на проектот е должен да ги врати на Министерството за култура средствата добиени на конкурсот.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

_____

_____

_____.

Потпис на претставникот и овластено лице на субјектот на надзор: [redacted] претседател	Здружение за развој на медиуми ОНЛИМИТ МЕДИА Скопје	Печат и потпис на инспекторот за култура: [redacted] виш инспектор	Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за култура-Ministria e Kulturës ИНСПЕКТОР ЗА КУЛТУРА-INSPEKTORI I KULTURËS [redacted]
Датум: [redacted]	___.03.2022 г.	Датум:	02.03.2022 г.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk